Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT

OMBUDSMAN
Republic of Macedonia

Народниот правобранител како Национален превентивен механизам (НП како НПМ) на 20.11.2012 година спроведе посета на ЈЗУ Психијатриска болница „Демир Хисар". Посетата започна во 09:00 часот и траеше до 16:00 часот (вкупно времетраење: 7 часа).

НПМ спроведе ***редовна ненајавена посета*** на психијатриската болница Демир Хисар, во рамки на мандатот и надлежностите кои произлегуваат од Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување и Законот за народниот правобранител. Целта на посетата согласно Факултативниот протокол е идентификување на ризици заради спречување на тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување, преку увид во материјалните услови во јавната здравствена установа, постапувањето со пациентите, остварувањето на правата загарантирани со Законот за ментално здравје, Законот за заштита на правата на пациентите и други правни акти, како и водењето на евиденциите во врска со оваа категорија на лица. Посетата беше реализирана од Народниот правобранител-Национален превентивен механизам во придружба на надворешен соработник лекар-психијатар врз основа на претходно потпишан Меморандум за соработка со Здружението на психијатри на РМ.

Посетата на Психијатриска болница „Демир Хисар" се спроведе во неколку чекори. Тимот на Националниот превентивен механизам придружуван од надворешен соработник-психијатар на почетокот од посетата оствари средба со директорот на здраствената установа, а потоа спроведе увид на сместувачките капацитети, се спроведоа доверливи разговори со неколку пациенти по сопствен избор, се изврши увид во останатите заеднички и помошни простории (трепезарија, кујна и сл), како и во Центарот за рехабилитација. По случаен избор беа прегледани некоку медицински досиеа и друга евиденција која се води за пациентите сместени во оваа јавна здравствена установа (регистри за фиксација, приемни листови, листови–планови за индивидуален третман и др.).

На крајот од посетата НПМ тимот ги даде своите првични согледувања и укажувања на директорот на болницата „Демир Хисар". При давањето на првичните согледувања беше потенцирано дека НПМ ќе изготви посебен извештај за посетата на ЈЗУ Психијатриска болница „Демир Хисар" во кој ќе се внесат констатираните состојби, информациите добиени од лицата сместени во болницата, како и од вработените и ќе даде препораки за понатамошно постапување. Целосната посета на психијатриската болница се реализираше во соработка со управата и службите, при што НПМ тимот имаше непречен увид во сите одделенија каде се сместени пациентите, а оствари и непречен разговор со дел од нив.

НПМ во разговор со пациентите не доби поплаки за тортура и сурово постапување, а односот на персоналот во најголем дел беше оценет како коректен.

Националниот превентивен механизам утврди дека уредно се водат историите на пациентите во однос на следењето на психичката и вкупната здравствена состојба, преку месечни записи во досието за моменталната состојба, каде се забележува хронологијата на случувањата со самиот пациент.

Пациентите од различен пол во болницата се сместуваат во одвоени простории. Во најголемиот дел од одделенијата беше истакнат куќниот ред на активности, а соодветно беше поставено и сандаче за жалби и пофалби. НПМ утврди дека на повеќе места во болницата, поточно на повеќе одделенија соодветно се истакнати правата од Законот за ментално здравје, со што пациентите соодветно се информирани за нивните права во врска со нивното сместување и лекување во оваа установа.
Во оваа установа се применува посебен протокол со кој е разработена политиката и правилата за преземање мерки за ограничување (фиксација) на пациентите и средствата кои смеат да се користат при фиксацијата. НПМ при посетата утврди дека во ниту едно од одделенијата нема посебна просторија за физичка фиксација. Воедно, НПМ тимот доби информација дека за времетраењето на фиксацијата нема постојано присуство член од персоналот во самата просторија. Ваквото постапување не е согласно утврдениот протокол каде се предвидува член на персоналот постојано да биде присутен со цел обезбедување медицинска супервизија на лицето кое е фиксирано. Во листовите за евиденција на физичка фиксација во неколку случаи не беше заведен часот, поточно времето на фиксацијата.

Делумно е извршено реновирање во сместувачките капацитети, поточно дел од одделенијата ги исполнуваат стандардите за сместување на пациентите согласно големината, протокот на дневна светлина, вентилација и опременост со дополнителни материјали (алкохолно одделение, акутно одделение). При увидот на собите во акутното женско одделение НПМ утврди дека истите се опремени со средства за ноќен одмор (кревети) со уредна постелнина, а најголемиот број на кревети беа со нови душеци. Во сите одделенија содветно се инсталирани грејни тела (централно греење) и просториите доволно се затоплуваат. При увидот НПМ утврди дека судското одделение е вон употреба, од причина што истото било опожарено и сеуште не е санирано. Привремено лицата се сместени во поранешното хронично машко одделение за кое Европскиот комитет за спречување на тортура дал препорака да се затвори и да не се користи, а неколку лица на кои им е изречена оваа мерка на безбедност, како и лицата на кои им е изречена мерка притвор, се сместуваат и во други одделенија на установата. Забележана е лоша состојба на санитарните јазли во поголем дел од одделенијата. Тоалетите во хронично машко одделение не се реновирани и истите се во незавидна состојба, со нереновирани санитарни јазли кои не се адаптирани на потребите на оваа категорија лица.

Во болницата има недостаток од човечки кадар, особено има недостаток на високиот персонал односно лекари специјалисти од обласга на психијатрија, психолози и дипломиран фармацевт. Ваквата состојба доведува до ситуации кога се намалува или ограничува директниот надзор и грижа од страна на надлежниот персонал во некои од одделенијата. Констатирано е дека во болницата има недоволна едукација на среден медицински и немедицински кадар. Посебно важна е едукацијата на немедицинскиот персонал на болничари и болногледачи, бидејќи тие заедно со средниот кадар се најчесто во контакт со луѓето кои се третираат во болнички услови, а немаат претходна медицинска едукација. НПМ искажа мислење дека не постои доволна мотивација за вклучување на пациентите во окупационата терапија, а одделот за окупациона и работна терапија има потреба од обучени окупациони терапевти кои повеќе смислено ќе го водат овој вид на терапија.

Како резултат на реализираната посета Народниот правобранител како Национален превентивен механизам подготви посебен извештај во кој ги констатираше позитивните и негативните состојби и даде соодветни препораки упатени до Министерството за здравство и до управата на психијатриската болница „Демир Хисар“ со цел отстранување на идентификуваните недостатоци.